***Градоначалник на Општина Свети Николе***

*тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911*

*e-mail: info@svetinikole.gov.mk*

*www.svetinikole.gov.mk*

*Врз основа на член 51 и член 52 од Статутот на Општина Свети Николе , Општината може да доделува награди по предлог на градоначалникот*

## Пријави за доделување на плакети, признанија, благодарници и спомен плакети за 2017 година по повод Патрон на градот „Свети Николај"

Во чест на празникот **„Свети Николај" Патрон на градот Свети Николе**, Општина Свети Николе распишува Конкурс за награди во следниве категории:

**1. Плакети**

Се доделуваат на физички и правни лица за значајни остварувања и постигнувања во вкупниот општествен развој, унапредување на Локалната самоуправа во Општината, заштита и унапредување на животната средина и други области на животот и трудот што преставуваат посебен придонес за вкупниот напредок и афирмација на Општината Свети Николе во изминатиот период па се до завршување на конкурсот.

**2.Признанија**

Се доделуваат на физички и правни лица за значајни остварувања и постигнувања во развојот на локалната демократија , стопанството, науката и уметноста, придонес во културата, спортот, здравството, воспитувањето и образованието, како и во другите области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзина афирмација на национално и меѓународно ниво во изминатиот период па се до завршување на конкурсот.

**3.Благодарници**

Се доделуваат на физички и правни лица за успешно остварени активности и заеднички ангажирања во извршувањето на планови, проекти и други активности од значење за Општината во изминатиот период па се до завршување на конкурсот.

**4.Спомен Плакета**

Се доделува на поединци постхумно, како признание за особени постигнувања во развојот на демократијата и во поттикнувањето на општествениот развој.

Право на учество имаат установи, трговски друштва, здруженија на граѓани, спортски клубови и граѓани како и странски државјани.

Во пријавата треба да се достави: **кратка биографија** за номинираното физичко или правно лице и **да се образложи за какви остварувања конкурираат**.

Кон пријавата потребно е да се достави и **најмалку една препорака** од релевантна институција или истакнат поединец од областа во која се конкурира.

**Конкурсот трае до Четврток 14 – ти Декември 2017година**

Пријавите треба да се достават на адреса: Општина Свети Николе, Плоштад Илинден бр. 12 (со назнака за Конкурс за прибирање на пријави за доделување на плакета, признанија, благодарници и спомен плакети – Патрон на градот „Свети Николај") или директно во Архива во општината.

Пријавите коишто ќе бидат доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат.

***Датум***
***06.12.2017 год.***

Градоначалник на општина
Свети Николе

______________________________

М.р.Сашо Велковски